Здружение ХОПС – Опции за здрав живот, Скопје

Финансиски извештаи за годината која завршува на 31 Декември 2023

и

Извештај на независниот ревизор

Мај 2024

СОДРЖИНА

	Страна
ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР	1 - 2
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ	
Биланс на приходи и расходи	3
Биланс на состојба	4
Извештај за промени во деловниот фонд	5
Белешки кон финансиските извештаи	6 – 12

До:
Раководството на
Здружение ХОПС – Опции за здрав живот, Скопје

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Здружението ХОПС – Опции за здрав живот, Скопје - (во понатамошниот текст Здружението), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2023 година, како и на Билансот на приходи и расходи, и Извештајот за промени во деловниот фонд за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството на Здружението е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации, и финансиско известување на готовинска основа. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со ревизорските стандарди прифатени во РС Македонија и објавени во Службен весник бр. 79/2010. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

До:
Раководството на
Здружение ХОПС – Опции за здрав живот, Скопје

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)

Мислење на ревизорот

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на Здружението ХОПС – Опции за здрав живот, Скопје ја прикажуваат реално и објективно, во сите значајни аспекти, финансиската состојба на Здружението на ден 31 декември 2023, како и резултатите на неговото работење и промените во фондовите за годината која завршува на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации, и финансиско известување на готовинска основа.

Скопје, 14 Мај 2024 година

Овластен ревизор
Звонко Кочовски

Управител
Ненад Тортевски

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ
за годината која завршува на 31 декември 2023
во илјади денари

	Белешка	2023	2022
Приходи од донации	4	13.692	29.596
Останати приходи	5	168	133
Пренос на вишок на приходи		15.598	5.608
ВКУПНО ПРИХОДИ		**29.458**	**35.337**
Оперативни расходи	6	20.597	19.739
ВКУПНО РАСХОДИ		**20.597**	**19.738**
Вишок на приходи над расходи		**8.861**	**15.598**

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Здружението на ден 28 Февруари 2024 година и се потпишани во негово име од страна на:

Извршен Директор
Хајди Штерјова Симоновиќ

БИЛАНС НА СОСТОЈБА
за годината која завршува на 31 декември 2023
во илјади денари

	Белешки	31 декември 2023	31 декември 2022
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Недвижности и Опрема	7	4.744	4.808
		4.744	**4.808**
Тековни средства			
Парични средства	8	8.817	15.491
Побарувања	9	134	133
		8.951	**15.624**
ВКУПНИ СРЕДСТВА		**13.695**	**20.432**
ДЕЛОВЕН ФОНД			
Деловен фонд	10	4.744	4.808
Вишок на приходи над расходи		8.861	15.598
		13.605	**20.406**
ОБВРСКИ			
Обврски спрема добавувачи	11	90	26
		90	**26**
ВКУПНО ДЕЛОВЕН ФОНД И ОБВРСКИ		**13.695**	**20.432**

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ДЕЛОВНИОТ ФОНД
за годината која завршува на 31 Декември 2023
во илјади денари

	Деловен фонд	Вишок на приходи / ПВР	Вкупно
Состојба на 01 јануари 2022	**3.981**	**5.608**	**9.589**
Ревалоризација	795	-	795
Амортизација	(109)	-	(109)
Корекција од минати години	141	-	141
Пренос на вишок на приходи	-	(5.608)	(5.608)
Вишок на приходи над расходи	-	15.598	15.598
Состојба на 31 декември 2022	**4.808**	**15.598**	**20.406**
Набавки	52	-	52
Амортизација	(116)	-	(116)
Пренос на вишок на приходи	-	(15.598)	(15.598)
Вишок на приходи над расходи	-	8.861	8.861
Состојба на 31 декември 2023	**4.744**	**8.861**	**13.605**

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

1. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ НА ИНСТИТУЦИЈАТА

ХОПС – Опции за здрав живот Скопје е здружение на граѓани што од 1997 година активно ги спроведува своите програми и активности во Скопје и во останатите градови во Република Северна Македонија. Во 1997 година првпат ги воведе програмите за размена на опрема за инјектирање во Р. С. Македонија, со цел превенција на ХИВ/СИДА помеѓу корисници/чки на дроги и нивните семејства, а три години подоцна, во 2000 година, почна со имплементација на првата програма за поддршка на сексуални работници/чки во Скопје. Оттогаш наваму успешно развива и спроведува програми за намалување штети од употреба на дрога, превенција на ХИВ/СИДА и други сексуално и по крвен пат преносливи инфекции, како и програми за социјално вклучување на ранливите и маргинализираните заедници во Македонија.

ХОПС е добитник на Меѓународната награда за ХИВ/СИДА и човекови права за 2010 година, што ја доделуваат Канадската правна мрежа за ХИВ/СИДА – www.aidslaw.ca и Хјуман рајтс воч – www.hrw.org.

Во своето делување ХОПС првенствено своите активности ги спроведува со цел подобрување на статусот на корисниците на дрога и сексуалните работници, како и на сите останати маргинализирани групи во општеството и во тој контекст сите тие се директни корисници или целни групи во работењето на здружението.

Од друга страна ХОПС дава поддршка за основање и работа на други граѓански здруженија во Скопје и пошироко низ Македонија, со слична мисија како ХОПС и кои имаат потенцијал да работат со слични целни групи. ХОПС делува како ментор и помагач во функционирањето на овие здруженија и во нивниот подобар пристап до корисниците.

Во своите напори за застапување, креирање, измена и донесување на политики во полза на корисниците на дрога и сексуалните работници како и на останатите маргинализирани групи, ХОПС соработува со јавните институции носители на политиките (на пр. Министерство за здравство, Министерство за труд и социјална политика), донатори и меѓународни организации кои се присутни во Македонија и кои делуваат на истото поле на работа.

Седиштето на здружението е на ул. Железничка бр. 46-8, Скопје, ЕМБС 5290350.

2. ОСНОВА ЗА СОСТАВУВАЊЕ И ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи на ХОПС – Опции за здрав живот Скопје се изготвени во согласност со законските прописи кои се применуваат во Република Северна Македонија, а се однесуваат на работењето на непрофитните организации, во прв ред Законот за сметководство на непрофитни организации ("Службен весник на РСМ" бр. 24/03, 17/11 и 154/15) и Правилникот за сметководство на непрофитни организации (Службен весник на РСМ 42/03, 08/09, 12/09 и 175/11), како и соодветните подзаконски прописи донесени врз основа на Законот за непрофитни организации.

Финансиските извештаи се изготвени според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции. Тоа значи дека финансиските извештаи се изготвени на готовинска основа, каде што приходите се признаваат кога се наплатени, а расходите кога се платени, со дозволено пречекорување од 30 дена по завршување на извештајниот период.

Финансиските извештаи се изготвени врз претпоставка на континуитет во работењето, односно ХОПС – Опции за здрав живот Скопје нема намера и нема причини да ги прекине активностите во блиска иднина.

Финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако не е поинаку наведено.

3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при составувањето на финансиските извештаи се наведени во продолжение на овој текст.

3.1 Парични средства и еквиваленти на парични средства

Паричните средства и паричните еквиваленти вклучуваат готовина во благајна и паричните средства на жиро сметките кај комерцијалните банки.
Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се внесуваат во главната книга во номинален износ, а во странска валута по курсот на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на билансирањето.

3.2 Материјални и нематеријални средства

Материјалните и нематеријалните средства се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност на долгорочните средства ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци, кои можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка. За вредноста на набавените средства истовремено се зголемува деловниот фонд на Здружението.

3.3 Амортизација

Материјалните и нематеријални средства се амортизираат со примена на пропорционалната метода, така што набавната или ревалоризираната вредност на основните средства се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на основните средства.Тековната амортизација на основните средства се евидентира на товар на деловниот фонд.

Употребените годишни стапки на амортизација за 2023 година, кои ги применува здружението изнесуваат: 20% за електрични уреди и компјутерска опрема, 20% за мебел и останата канцелариска опрема, 1% за недвижности. Пресметката на амортизацијата се врши поединечно (не по групи на средства) за секое средство.

3.4 Признавање на приходи и расходи

Признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.
Сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции значи приходите, односно расходите да се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите, односно расходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите, односно расходите се расположливи кога се остварени, односно кога настанале (се наплатени т.е. платени) во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период, односно обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

3.5 Износи искажани во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во денари според средниот курс на НБРМ кој важи на денот на трансакцијата.

Девизните средства и обврски во билансот на состојба се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на билансот.

Нето позитивните и негативни курсни разлики кои произлегуваат од претварањето на износите во странска валута, се вклучени во Билансот на успех во периодот кога тие настануваат.

Средните (заклучните) курсеви на денарот спрема странските валути (за една единица странска валута), на 31 декември изнесуваат како што следува:

	Во денари	
	2023	**2022**
EUR	61,4950	61,4932
USD	55,6516	57,6535

4. ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ

	2023	2022
Приходи од донации	13.692	29.596
Вкупно	**13.692**	**29.596**

Во текот на 2022 година остварени се приходи од следните донатори:

Р.бр.	Донатор	износ
1	Фондација Отворено Општество Македонија	20.848
2	Град Скопје	1.852
3	Министерство за здравство	5.574
4	Мрежа за политики за дрога	59
5	Заедно посилни	(23)
6	УНИЦЕФ	(96)
7	Македонски Центар за Меѓународна Соработка	235
8	Влада на РСМ	(7)
9	Министерство за правда	150
10	Јувентас	280
11	Министерство за култура	43
12	EHRA	595
13	Општина Центар	50
14	Физички лица	36
	Вкупно	**29.596**

Во текот на 2023 година остварени се приходи од следните донатори:

Р.бр.	Донатор	износ
1	Фондација Отворено Општество Македонија	924
2	АДИ	658
3	Министерство за здравство	2.448
4	Мрежа за политики за дрога	47
5	МЗМП	862
6	Македонски Центар за Меѓународна Соработка	59
7	Ре генерација НВО	984
8	Млади за млади	168
9	ЦИКП Смарт Балкан	4.187
10	Јувентас	95
11	Министерство за култура	35
12	EHRA	563
13	Град Скопје	2.105
14	TEPA	143
15	Општина Центар	120
16	Останато	294
	Вкупно	**13.692**

5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

	2023	2022
Приходи од други активности	168	133
Вкупно	**168**	**133**

6. ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

	2023	2022
Материјали, потрошена енергија	610	720
Услуги	622	838
Транспорт	234	82
Реклама и промоција	4	64
Наемнини	1.450	1.351
Банкарска провизија	117	119
Интелектуални услуги и авторски хонорари	13.411	13.789
Плати	3.081	1.486
Други помошти и давања	528	1.033
Останати трошоци	540	257
Вкупно	**20.597**	**19.739**

7. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА

	Средства	Вкупно
Набавна вредност на 01 јануари 2022	**12.451**	**12.451**
Ревалоризација	795	795
Состојба на 31 декември 2022	**13.246**	**13.246**
Набавки	52	52
Состојба на 31 декември 2023	**13.298**	**13.298**
Акумулирана амортизација на 1 јануари 2022	**8.470**	**8.470**
Амортизација	109	109
Корекција од минати години	-141	-141
Состојба на 31 декември 2022	**8.438**	**8.438**
Амортизација	116	116
Состојба на 31 декември 2023	**8.554**	**8.554**
Нето сегашна вредност на:		
- 31 декември 2023	**4.744**	**4.744**
- 31 декември 2022	**4.808**	**4.808**

8. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

	2023	2022
Жиро сметка	7.807	14.566
Девизна сметка	987	902
Благајна	23	23
Состојба на 31 декември	**8.817**	**15.491**

9. ПОБАРУВАЊА

	2023	2022
Краткорочен депозит	110	110
Депозит за закупнина	12	12
Побарувања за даноци	12	11
Состојба на 31 декември	**134**	**133**

10. ДЕЛОВЕН ФОНД

	2023	2022
Деловен фонд – нетековни средства	4.744	4.808
Состојба на 31 декември	**4.744**	**4.808**

Промените на фондовите и резервите се наведени во Извештајот за промени на деловниот фонд прикажан на страна 5.

11. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

	2023	2022
Обврски спрема добавувачи во земјата	90	26
Состојба на 31 декември	**90**	**26**

12. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА

Со состојба на 31 декември 2023 година Здружението нема вонбилансна изложеност.

13. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

Не постојат значајни последователни настани, кои би имале влијание врз разбирањето на финансиските извештаи.